**ЗАПИСНИК**
**од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 17.08.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Весна Симоновска, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 16:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека радиодифузерот го уплати годишниот надоместок за дозволата и заради тоа ќе се направи измена на насловот на Точка 2 и ќе гласи-Предлог-решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип,

Советот на Агенцијата со предложената корекција едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.08.2022 година.
2. Предлог-решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.08.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи предложеното Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип. Објасни дека денес радиодифузерот го уплати износот за годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување и со тоа се отстранети причините за одземање на дозволата. Во таа насока се предлага Советот да ја запре започнатата постапка за ТВ Ирис.

Г-дин Петрушевски рече дека уплатата се случи во последен момент и службата до членовите на Советот преку меил достави материјал со Известување до директорот од Секторот за финансии и логистика дека уплатата е направена во износ од 103.321,00 денари и предлог до Советот за запирање на постапката за ТВ Ирис. Со ова рече сите причини за одземање на дозволата се отстранети и отвори дискусија.

Г-дин Фиданоски рече дека е многу добро што радиодифузерот ја отстранил причината за одземање на дозволата во последен момент. Меѓутоа рече како негов личен став иако начелно е секогаш да се толерираат радиодифузерите и секогаш ќе биде на тој став, но овој радиодифузер дава добар повод или причина јавната расправа која што сега е во тек а се однесува за скратување на роковите во постапките да се реализира целосно.

Г-дин Трајчевски појасни дека роковите за оваа постапка односно за покренување и одземање на дозволата за радио и телевизиско емитување не можат да се сменат бидејќи се утврдени во Законот. Тие на некој начин се поврзани но не можат да бидат предмет на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка за кое што во моментов Агенцијата има отворено јавна расправа.

Г-дин Петрушевски рече дека дискусијата на г-дин Фиданоски ја разбрал како предлог Законот да се коригира.

Г-дин Фиданоски објасни дека директорот Трајчевски е во право но смислата на дискусијата му била во таа насока.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, Уп1 бр.08-902 од 08.07.2015 година.

ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, на 17.08.2022 г. извршил уплата во износ од 103.321,00 (сто и три илјади и триста дваесет и еден) денар, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го платил во целост

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето изрази надеж дека можеби ќе се подобрат економските параметри во Македонија и пошироко во Европа и светот и наредните години овој радиодифузер ќе биде многу повеќе ревносен во плаќањето.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

Бр. 02-3155/3

25.06 **2022 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**